Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. 15-1915/2
Дата: 15-03-2023

**До: ГОПЛАН ДОО - Гостивар**
Ул. „Беличица" бр. 115/2
1230 Гостивар

**Предмет: Мислење**

**Врска:** Ваш бр. 0302-69/2023 од 02.03.2023 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за мислење (бр. 15-1915/1 од 9.03.2023 год.), по однос на можноста за користење на Решението за Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на соларни електрани во атарот на Ново Село, на КП 43, 44, 42, 41, 32/2, 40, 39, 48, 49, 50, 51, 52/1, 52/2, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 68, 69, 73, 74, 75, 76, 77, 93, 94, 95, 96, 92/1, 92/2, 92/3 и 92/4, КО Ново Село, Општина Струга, Ве известуваме следново:

Министерството за животна средина и просторно планирање го има издадено Решението за Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на соларни електрани во атарот на Ново Село, на КП 43, 44, 42, 41, 32/2, 40, 39, 48, 49, 50, 51, 52/1, 52/2, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 68, 69, 73, 74, 75, 76, 77, 93, 94, 95, 96, 92/1, 92/2, 92/3 и 92/4, КО Ново Село, Општина Струга (Решение бр. 15-2345/6 од 23.04.2010 год.), врз основа на Елаборат за Услови за планирање на просторот (со тех. бр. Y08110), изработен од страна на Агенцијата за планирање на просторот, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 51/05, 137/07 и 91/09), кој беше во сила кога е доставено барањето од страна на Општина Струга (Барање бр. 15-2345/1 од 24.02.2010 год.).

Согласно овој Закон, според кој се издадени Условите за планирање на просторот, како и согласно Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), кој во моментов е во сила: „услови за планирање на просторот не се обезбедуваат кога е во сила истиот Просторен план на Република Северна Македонија според кој претходно се издадени услови за планирање на просторот за истиот плански опфат".


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. 15-1915/2
Дата: ............................

Со оглед на тоа што урбанистичките проекти, на кои се однесува Вашето прашање, се со иста намена за користење на просторот за која е издадено Решението со бр. 15-2345/6 од 23.04.2010 год., потврдуваме дека издадените Услови за планирање на просторот имаат правосилна важност и можат да се користат во понатамошната постапка за катастарските парцели кои се **во границите на опфатот на издадените Услови за планирање на просторот**, со тех. бр. Y08110, а во согласност со Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), додека за катастарските парцели кои се наоѓаат вон овој опфат, односно на простор за кој претходно не се издадени Услови за планирање на просторот, потребно е да се обезбедат Услови за планирање на просторот само за тој дел од опфатот.

Со почит,

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Дејан Гацовски
Одобрил: Соња Фурнаџиска
Согласен: Дејана Марковска Ристеска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 ...
www.moepp.gov.mk